Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/02), Градоначалникот на Град Скопје донесе

**ПРАВИЛНИК**
за начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства (стипендии) на спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства (стипендии) утврдени во Буџетот на Град Скопје, наменети за спортисти – средношколци ученици во средните училишта на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје.

**Член 2**

Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

Согласно овој Правилник финансиските средства од Буџетот на Град Скопје можат да бидат доделени на редовни или вонредни ученици во средните училишта на подрачјето на градот Скопје, кои ги исполнуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

## III. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

Постапката за доделување на финансиски средства (стипендии) на спортисти – средношколци во средните училишта на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје, ќе се спроведе со Јавен повик објавен од Град Скопје.

Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk), во печатени медиуми (и тоа во најмалку еден дневен весник на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот) и во електронски медиуми.
Јавниот повик ќе трае од денот на неговото објавување, но не помалку од 5 денови.

## IV. НАЧИН, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ

**Член 5**

За утврдување на исполнувањето на критериумите за доделување на финансиски средства од член 2 на овој Правилник, Градоначалникот на Град Скопје формира „Комисија за доделување стипендии на спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје", во состав од претседател и 4 члена (во понатамошниот текст: Комисија).
Комисијата од ставот 1 има задача:
- да ја спроведе постапката;
- да го утврди исполнувањето на критериумите и
- да достави предлог до Градоначалникот на Град Скопје за усвојување на пријавите на оние апликанти кои ги исполнуваат критериумите.

**Член 6**

Потребната документација, апликантите ја поднесуваат во еден оригинален примерок до Комисијата преку Архивата на Град Скопје во затворен плик со назнака: До Сектор за јавни

дејности – Комисија за доделување стипендии на спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје.
Архивата на Град Скопје примените пријави ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута).

**Член 7**

По објавување на Јавниот повик, Претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.
За текот на одржаниот состанок се води Записник.
Во Записникот, Комисијата констатира дали пријавите се навремени и комплетни, и ги исполнуваат критериумите од овој Правилник.
За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите согласно член 11 и член 12 од овој Правилник, Комисијата дава предлог до Градоначалникот на Град Скопје за доделување на финансиски средства (стипендии) на апликантите.
Пријавите кои се некомплетни, ненавремени и не ги исполнуваат критериумите согласно член 11 и член 12 од овој Правилник, Комисијата ги отфрла со Заклучок.

**Член 8**

Комисијата ќе ги прифати пријавите кои согласно критериумите и бодовните листи утврдени со овој Правилник ќе обезбедат најмалку **50** бодови.
Доколку има повеќе кандидати со ист број бодови, Комисијата го задржува правото да побара и дополнителна потребна документација.
Во случај на ист број на бодови на апликанти од ист спорт, предност ќе има апликантот кој има освоено повеќе бодови за успехот во образованието (просекот на оценките во свидетелството за претходно завршената учебна година).
Предлогот за доделување на стипендии го потпишува претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 9**

Градоначалникот на Град Скопје на предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства (стипендии).
Комисијата ги известува подносителите чии пријави се прифатени.
Комисијата ги известува и подносителите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 11 и член 12 од овој Правилник.

**Член 10**

Апликантите кои учествуваат на Јавниот повик, за исполнување на критериумите се должни да ја достават следната документација:
• копија од извод од матична книга на родени на апликантот;
• потврда од средното училиште каде апликантот е редовен или вонреден ученик во тековната година за која аплицира;
• копија од свидетелството за претходно завршената учебна година;
• потврда од клубот дека е член на истиот;
• потврда од матичната национална спортска федерација дека е државен репрезентативец;
• потврда од матичната национална федерација за постигнатите спортски резултати од месец Јули во претходната година се до завршување на Јавниот повик објавен во тековната година;
• доказ за жителство во градот Скопје;
• копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на барателот, не ополномоштена од трето лице, а доколку барателот е малолетно лице трансакциската сметка треба да е исклучиво лична на барателот ополномоштена од родител/старател);

• доказ дека се регистрирани како даночни обврзници во системот на Е-ПДД на Управата за јавни приходи.

## V. ОПШТИ КРИТЕРИУМИ

**Член 11**

Апликантите за да се стекнат со право на добивање на стипендија, треба да ги исполнуваат следниве општи критериуми:
- државјани на Република Северна Македонија;
- жители на градот Скопје;
- редовни или вонредни ученици во средно училиште на подрачјето на градот Скопје;
- активни спортисти и членови на спортски клубови регистрирани во Централен регистар со седиште во градот Скопје и да се државни репрезентативци регистрирани во соодветните национални спортски федерации;
- постигнат успех во образованието:

а) за одличен успех со 5.00
б) за одличен успех
в) за многу добар успех
г) за добар успех
д) за доволен успех

- постигнати високи спортски резултати во екипни и индивидуални спортови од месец Јуни во претходната година се до завршување на Јавниот повик објавен во тековната година, и тоа: освоени медали на светски, европски и балкански првенства во олимписки и неолимписки спортови, освоени медали на светски и европски купови во олимписки спортови, освоени домашни првенства или државни купови, како и постигнато истакнати лични индивидуални резултати на репрезентативно ниво и поставување на државни рекорди на официјални натпревари. Овие критериуми за остварените високи спортски резултати се утврдени и класифицирани на следниот начин:

А) Постигнати високи спортски резултати на светски и европски првенства во олимписки спортови:
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на светски првенства каде што учествувале најмалку 30 земји и во поединечна категорија се натпреварувале најмалку 8 натпреварувачи со остварени најмалку две победи, и освоен пласман до 8-мо место на истите;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на светски првенства и освоен пласман до 8-мо место на истите;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на европски првенства каде што учествувале најмалку 15 земји и во поединечна категорија се натпреварувале најмалку 8 натпреварувачи со остварени најмалку две победи, и освоен пласман до 5-то место на истите;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на европски првенства и освоен пласман до 5-то место на истите.

Б) Постигнати спортски резултати на светски и европски првенства во неолимписки спортови:
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на светски првенства каде што учествувале најмалку 30 земји и во поединечна категорија се натпреварувале најмалку 8 натпреварувачи со остварени најмалку три победи, и освоен пласман до 8-мо место на истите;

- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на светски првенства и освоен пласман до 8-мо место на истите;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на европски првенства каде што учествувале најмалку 15 земји и во поединечна категорија се натпреварувале најмалку 8 натпреварувачи со остварени најмалку три победи, и освоен пласман до 5-то место на истите;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на европски првенства и освоен пласман до 5-то место на истите.

**В**) Постигнати резултати на балкански првенства:
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални спортови кои имаат освоени медали на балкански првенства;
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во екипни спортови кои имаат освоени медали на балкански првенства;

**Г**) Постигнати резултати на државно првенство или државен куп, и резултати на светски и европски купови во олимписки спортови:
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални и екипни спортови кои со својот клуб го освоиле домашното првенство или купот на Република Северна Македонија, и за постигнати резултати до 3 место на европски и светски купови во олимписки спортови.

**Д**) Постигнати лични индивидуални спортски резултати и поставување на државни рекорди:
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти во индивидуални и екипни спортови кои со својот клуб не го освоиле домашното првенство или купот на Република Северна Македонија, но постигнале истакнати лични индивидуални резултати.
- Репрезентативци на Република Северна Македонија, спортистки и спортисти кои на други официјални натпревари поставиле државни рекорди.

Право на стипендија можат да остварат најмногу по 4 избрани стипендисти од ист спорт во машка и женска конкуренција.

## VI. БОДОВНИ КРИТЕРИУМИ

### Член 12

Стипендиите се доделуваат врз основа на следните бодовни критериуми:

| | Критериум за постигнат успех во образованието | Вредност во бодови |
|---|---|---|
| | | **Можни бодови** |
| а) | За постигнат одличен успех со 5.00 | 30 |
| б) | За постигнат одличен успех | 25 |
| в) | За постигнат многу добар успех | 20 |
| г) | За постигнат добар успех | 15 |
| д) | За постигнат доволен успех | 10 |

| | Критериум за постигнати високи спортски резултати | Вредност во бодови<br>Можни бодови |
|---|---|---|
| А) | Постигнати високи спортски резултати на светски и европски првенства во олимписки спортови | 70 |
| Б) | Постигнати високи спортски резултати на светски и европски првенства во неолимписки спортови | 60 |
| В) | Постигнати високи спортски резултати на балкански првенства | 50 |
| Г) | Постигнати високи спортски резултати на државно првенство или државен куп, и резултати на светски и европски купови во олимписки спортови | 35 |
| Д) | Постигнати лични индивидуални спортски резултати и поставување на државни рекорди | 30 |
| | **Максимален број бодови за освојување по сите критериуми е 100** | |

## VII. ПОНИШТУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 13**

Град Скопје може да го поништи Јавниот повик доколку:
- не е пристигната ниту една пријава;
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 11 и член 12 од овој Правилник и
- не се донесе Решение за доделување на финансиски средства (стипендии) по доставување на предлогот од Комисијата.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Град Скопје преку Секторот за јавни дејности и Секторот за финансиски прашања води евиденција на сите пријави со доделени финансиски средства од Буџетот на Град Скопје согласно овој Правилник и сите донесени Решенија од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 15**

Овој Правилник влегува на сила со денот на неговото донесување.

**Број 08 - 7456/1**
**__.06.2024 година**
**Скопје**

12. 06. 2024

**Градоначалник на Град Скопје**
**Данела Арсовска**

(Печат: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP)